**Известување за концентрација со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне поединечна контрола над НЕОТЕЛ ДОО Скопје, Република Северна Македонија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**МТЕЛ ДООЕЛ Скопје** е нотифициран телекомуникациски оператор од страна на Агецијата за електронски комуникации во Република Северна Македонија, регистриран за дејност жичени телекомуникации, односно за давање сателитски услуги и реемитување телевизиски програмски сервиси.

МТЕЛ ДООЕЛ Скопје нема поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија.

**НЕОТЕЛ ДОО Скопје** е нотифициран телекомуникациски оператор од страна на Агецијата за електронски комуникации во Република Северна Македонија, регистрирано за давање услуги на услуги за пренос на податоци - широкопојасен фиксен пристап до интернет, услуги поврзани со радиодифузија - малопродажен пазар за реемитување на телевизиски програмски сервиси и малопродажен пазар за давање на услуги на фискна телефонија.

НЕОТЕЛ ДОО Скопје има поврзани правни лица на територија на Република Северна Македонија:

- Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово со седиште на Тане Георгиевски 25, Куманово , Република Северна Македонија и регистрирана дејност - Други телекомуникациски дејности;
- Друштво за производство, трговија и услуги ФИКАБ ДОО увоз-извоз Тетово со седиште на Илинденска 215, Тетово, Република Северна Македонија и регистрирана дејност - Други телекомуникациски дејности.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како малопродажен пазар за давање услуги на широкопојасен фиксен пристап до интернет,  малопродажен пазар за давање на услуги за дистрибуција на медиска содржина и малопродажен пазар за давање на услуги на фискна телефонија.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

07.03.2023 година, Скопје